South East Europe Sustainable Energy Policy



# ПОБЕДНИЦИ И ГУБИТНИЦИ

## Кој има корист од корупцијата на високо ниво во енергетскиот сектор на југоисточна Европа?

ПРЕДГОВОР

# Патот до Европа

Минатата година, на 1ви јули, Европската Унија и посака „добредојде“ на Хрватска, како на 28ма членка на Унијата и прва земја која успешно го заврши процесот на Стабилизација и Асоцијација. Соочена со „научената лекција“ од приемот на Бугарија и Романија како полноправни членки пред да се докажат дека се способни да се справат со корупцијата и организираниот криминал на сите нивоа, ЕУ очекуваше од Хрватска да ја докаже својата способност да биде дел од Унијата пред да бидат завршени преговорите. ЕУ побара од Хрватска „убедлив извештај за обвиненија“ во случаите на корупција во која се замешани високи општествени структури.

Хрватска го исполни условот истражувајќи го, обвинувајќи го и осудувајќи го поранешниот Премиер на државата, Иво Санадер, за примање на мито од над 10 милиони евра од компании од областа на енергетиката, од Унгарија, како и од комапнии од Австрија. Овој случај покажува дека корупцијата на високо ниво не познава граници и борбата против истата мора да биде искрена и од земјите членки на Унијата и од земјите-кандидати.

Денес процесот на пристапување се темели на строги, но истовремено фер услови, како и на лекциите научени од претходните проширувања. Една од клучните лекции беше да се адресираат „прво фундаменталните теми“, во согласност со принципите на копенхашките критериуми:

Прво, владеењето на правото останува во срцето на процесот на пристапување кон Унијата. Новиот пристап кон владеењето на правото, кој ЕУ го објави во 2011та подразбира неминовно и културолошка промена. Истиот бара од кандидатите да имаат соодветен административен капацитет поддржан со политичка волја. Пристапот им дава на земјите доволно време за да постигнат солидно реално ниво на имплементација, спроведувајќи реформи кои се длабоко вкоренети и неповратни; обезбедувајќи при тоа дека граѓаните ќе ја почувствуваат користа од истите за време на процесот на спроведување, а не на самиот крај.

Владеењето на правото има огромно значење за развојот на економијата, во смисла на правна сигурност и доверба кај инвеститорите, особено во секторот енергетика, со што станува клучен фактор за постигнување на еколошка и социјална одржливост.

На граѓаните им е потребен и бараат транспарентен, ефективен и непристрасен правен и регулаторен систем.

Второ, од суштинска важност е земјите на Западниот Балкан да го зајакнат своето економско владеење. Сите се погодени од високата невработеност. Невработените млади луѓе бараат акција, им требаат одлуки, на прво место им треба работа. Корупцијата директно работи против обезбедување на нови работни места, слевајќи ги парите на банковните сметки на оние на кои им се најмалку потребни. Доколку се зајакне економското владеење, регионот има огромен потенцијал за отворање на нови работни места во областите енергетска ефикасност и обновлива енергија.




Идните земји-членки се соочуваат со сериозни предизвици кога станува збор за енергетската ефикасност – производството на енергија е ниско, а потрошувачката висока. Неодамнешните случувања во Украина, покрај останатото, јасно го истакнаа и значењето на ефикасно користење на енергијата. Инвестициите во мерките за заштеда на енергија во јавните згради финансирани од Европската Унија донесоа трикратна победа за животната средина, економијата и вработувањето. Сепак, останува да се направат уште многу работи, вклучувајќи поефикасен пренос на енергијата и намалување на загубата на енергија во домаќинствата, како и поттикнување на култура на заштеда на енергија.

Трето, не може да се истакне доволно колку е важно институциите да функционираат така што ќе ја гарантираат демократијата и ќе обезбедуваат дека демократските процеси ги вклучуваат сите страни. Националните законодавци имаат витална улога во обезбедувањето на транспарентна и демократска имплементација во сите политички области, вклучувајќи ја и енергијата.

Четврто, ЕУ е фокусирана на почитување на основните права. Ја промовира слободата на изразување во дијалогот со земјите аспиранти и го поддржува квалитетното истражувачко новинарство, од кое дел е пренесено и во овој извештај. Земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Унијата мора да им овозможат на новинарите да си ја вршат својата работа без страв од насилство и заплашување.

Сите овие елементи се дел од процесот во кој кандидатите и потенцијалните кандидати мора да го изградат својот кредибилитет преку спроведени реформи и имплементација на легислативата. Посветеноста на борбата против корупцијата и организираниот криминал, дури и на највисоко ниво; на градењето на ефективни и транспарентни владини институции; и политичка волја да се поттикнува активен граѓански сектор – се клучни елементи за напредок на патот кон Европската Унија.

Сето ова целосно важи и за енергетскиот сектор. Случаите презентирани во овој извештај покажуваат дека плодовите на инвестициите се големи, но исто така и искушенијата.

Во 2012 Енергетската заедница разви регионална енергетска стратегија која предвидува инвестиции од речиси 30 милијарди евра во југоисточна Европа во следната деценија. Ова е истовремено и шанса, но и голем тест за суштинските вредности врз кои почива Европската Унија: демократија, владеење на правото и почитување на основните права.

Реформите потребни за пристапување кон Унијата се неодвоиви од развојот на безбедна, одржлива енергетска инфраструктура во земјите на југоисточна Европа. Останува на лидерите и граѓанските општества да изградат енергетски сектори кои не ја трујат природата преку загадување или владата преку корупција.

# Извршно Резиме

Енергетиката веќе е еден од најголемите сегменти во економиите на земјите од југоисточна Европа, а доколку се реализираат амбициозните планови на владите во регионот, ќе порасне уште повеќе. Државите потписнички на Договорот за енергетска заедница од Западен Балкан планираат инвестиции во енергетиката од околу 28.8 милијарди евра, во периодот 2012–2020 година. Менаџирањето на овие инвестиции ќе биде егзистенцијален предизвик за земјите. На економиите им се потребни сигурни извори на енергија, а на граѓаните им треба тие извори да бидат чисти.

Историски гледано, проектите од овие размери често биле одбележани со корупција, што ги одбивало инвеститорите со добра репутација и ги зголемувало трошоците. Ова, исто така, не ретко повлекувало намалени можности за развој на одржлива енергија – поради загубата на ресурси, пазарните нарушувања, пренасочувањето на јавниот кон приватниот интерес, пристрасните одлуки наспроти рационалните критериуми за одржливост, а во корист на личните интереси на носителите на одлуки.

Градењето на модерна енергетска инфраструктура оди заедно со зајакнување на владеењето на правото. Проблемот е комплексен и едноставното подмитување во овој случај е само еден мал дел од целата слика. Некои форми на корупција е многу тешко, дури и невозможно да бидат правно гонети, некои не ни прекршуваат никакви закони. Задачата не е толку да се сузбијат повремените злоупотреби на јавната моќ, колку што е да се изградат владини институции кои се добро организирани, сигурни и доверливи, транспарентни и обврзани кон владеењето на правото.

Најголемиот дел од она што го знаеме за корупцијата во енергетскиот сектор доаѓа од два комплементарни извори. Меѓувладините тела како Секретаријатот на Енергетската заедница и Европската Комисија (ЕК) известуваат за постигнувањето на стандардите, додека новинарите и граѓанските организации ги испитуваат различните форми на покровителства и корупција. Некои од случаите кои беа откриени/објавени завршија на суд. За сите страни во овие случаи, вклучувајќи ги и обвинителите и судиите, непристрасноста и независноста беа квалитети за кои многу тешко се изборија.

Во борбата против корупцијата во енергетиката не ретко индивидуалците, без разлика дали се новинари, НВО активисти, државни обвинители или гласноговорници, се осамени во барањето на правдата. Тие работат во исклучително предизвикувачка, често непријателска средина, ранливи во однос на официјалниот притисок или заплашувањата од страна на владите кои ја злоупотребуваат својата моќ за да ги замолчат гласовите кои го кажуваат тоа што не им се допаѓа.



## СЛУЧАИ ВО ИЗВЕШТАЈОТ:

Случаите во овој извештај се извлечени од јавно достапни материјали и за неколку од нив има официјална истрага или судска парница. Истите ни од блиску не ја прикажуваат целата слика и размери на корупцијата во енергетскиот сектор на секоја од земјите, делумно поради тоа што само кога една држава ќе реши навистина да спроведе реформи ќе стане видлива големината на проблемот.

### *Албанија 1: Истрагата за перење на пари*

Случајот на Argita Berisha е за набавка на земјиште во Албанија непосредно пред Владата да го избере истото како простор за енергетски проект, со што е зголемена неговата вредност; правен застапник на купувачот беше ќерката на тогашниот Премиер Sali Berisha, додека администратор на локалните компании на купувачот беше зетот на тогашниот Министер за транспорт Lulzim Basha.

### *Албанија 2: Концесијата за хидроцентрала*

Гледачите на албанската телевизија можеа да видат снимка од скриена камера на која тогашниот заменик-Премиер Ilir Meta се обидува да корумпира концесија за хидроенергетски проект, по што избувна силен бес кај јавноста. Форензички експерти од Америка и Велика Британија заклучија дека снимката е автентична, но судот ова го отфрли поради процедурални причини и назначи сопствен, домашен експерт кој заклучи дека станува збор за подметната снимка. Ilir Meta исто така беше обвинет за земање на мито во висина од 1 милион евра, заедно со Dritan Prifti, за фаворизирање на зделка на тендерот за набавка на сирова нафта. Во јануари 2012 Врховниот суд во Тирана го ослободи Meta поради недоволно докази.

### *Босна и Херцеговина: Случајот со тргување со електрична енергија од ЕПБиХ и ЕПХЗХБ*

ЕПБиХ и ЕПХЗХБ се двете компании за електрична енергија во државна сопственост во Федерацијата на Босна и Херцеговина и дел од политичките ентитети кои ја сочинуваат суверената држава Босна и Херцеговина. Државните власти, во два случаи, преку десет години одделени еден од друг, одлучија да тргуваат со вишокот на енергија од ЕПБиХ преку трговски компании, што им нанесе штета на државните компании, а им донесе значителен профит на приватните компании вмешани во случајот.

### *Хрватска 1: Случајот со тргување на енергија од страна на HEP*

Аферата HEP-TLM се однесува на продажба на електрична енергија по цена под пазарната, од страна на хрватскиот набавувач HEP, а на две фабрики – TLM во Хрватска и Aluminij во Босна и Херцеговина, што го чинеше HEP околу 85 милиони евра. Државниот обвинител го обвини тогашниот Премиер Иво Санадер за примање на мито од над 1.5 милиони евра од некогашна подружница на Daimler поврзана со Aluminij, која исто така ветила поволна набавка на алуминиум за TLM.

### *Хрватска 2: Аферата INA – MOL*

Вториот хрватски случај е случајот INA-MOL, во кој судот го осуди тогашниот Премиер за земање на мито од 10 милиони евра од унгарската нафтена компанија MOL, за истата да добие доминантна позиција во хрватската нафтена компанија INA. Државниот обвинител покрена обвинение и против првиот човек на групацијата MOL – Zsolt Hernádi, кој негираше вмешаност; Унгарија одби екстрадиција.

## *Косово* 1: Случајот клевета за договорот на КЕК*

Во април 2012 Arbana Xharra од независниот дневен весник *Zëri* напиша прилог во кој коментираше дека бизнисменот Bejtush Zhugolli и неговите двајца браќа финансиски ја поддржале изборната кампања на Премиерот Thaçi и дека за возврат добиле сомнителни договори во Kosovo Energy Corporation (KEK). Набргу по објавувањето на прилогот Bejtush Zhugolli ги тужеше Xharra и *Zëri*, но сепак Xharra беше прогласена за невина. Кога Selvije Bajrami, уште една новинарка на *Zëri*, објави извештај за првото судско рочиште, Zhugolli ја тужеше и неа, сепак и таа беше прогласена за невина.

## *Косово 2: Аферата UNMIK/KEK*

Германски суд го осуди со три години затвор Jo Trutschler, менаџерот на Kosovo Energy Corporation (KEK) во име на UNMIK, за прекршување на довербата и злоупотреба на академска титула. Беше откриено дека во периодот 2000–2002 побарал околу 4.3 милиони долари (тогаш околу 3.7 милиони евра) кои ги префрлил на лажни компании во Гибралтар . Истражителите од UN дополнително открија дека Trutschler ја фалсификувал дипломата и прикажал поголемо искуство во менаџмент одколку што навистина имал. Поголемиот дел од парите беше повратен.

## *Црна Гора 1: Аферата кражба на електрична енергија од страна на КАП*

Во периодот март – мај 2013 Владата на Црна Гора и дозволи на Фабриката за алуминум Подгорица (КАП) да краде енергија од Европската мрежа за енергетска интерконекција (ENTSO-E), одкако црногорската енергетска компанија ги исклучила поради неплаќање. ENTSO-E и нареди на Црна Гора да ја врати украдената струја или ризикува да биде исклучена од Европската мрежа. Владата се согласи со ова барање, но цената им е префрлена на даночните обврзници да ја платат преку државниот буџет и на потрошувачите преку зголемените сметки за електрична енергија.

## *Црна Гора 2: Аферата USAID*

Во 1999 USAID и даде на црногорската влада донација од 11.9 милиони долари (тогаш еквивалент на 13.4 милиони евра), од кои дел беше наменет за да го покрие долгот на EPCG за увоз на електрична енергија од Електропривреда на Република Српска во Босна и Херцеговина. Вук Хамовиќ, во тоа време директор на GML, компанија со седиште во Лондон, ги откупи долговите на EPCG непосредно пред донацијата на USAID, подгревајќи сомненија дека парите од USAID намерно биле насочени кон GML. Истрагите на Канцеларијата за сериозни измами од Обединетото Кралство , обвинителот од БиХ и Генералниот инспектор од USAID завршија без обвиненија.

## *Србија: Скандалот со рудникот Колубара*

Во 2011 српската полиција го уапси бившиот директор на рудникот Колубара и 16 други лица под обвинение дека незаконски и нанеле штета на компанијата преку несоодветни изнајмувања на опрема и фалсификување на работни часови. Случајот не е завршен.

# Македонија: Картелот за тргување со електрична енергија и случаите на даночно затајување

СЛУЧАЈОТ Е ВО ПРОЦЕДУРА

**ДАТА НА ИНЦИДЕНТИТЕ:** Тендер за увоз на електрична енергија во јануари 2012

**ВКЛУЧЕНИ СТРАНИ:**

- Македонската Комисија за заштита на конкуренцијата
- Компаниите: ГЕН – I, Руднап Групација, ЕСПАДА и ЕФТ

**КРАТОК ПРЕГЛЕД:** Во 2012 македонската Комисија за заштита на конкуренцијата поднесе прекршочни пријави против четири компании кои тргуваат со електрична енергија под сомневање дека формирале картел со цел да ја диктираат цената на увозот на струја, преку нивните понуди на јавниот тендер во јануари 2012. Подоцна, истата година, Царинската управа на Република Македонија побара од три компании кои тргуваат со електрична енергија да платат дополнително царина, укажувајќи дека компаниите употребувале различни методи за да избегнат плаќање на овие царински давачки.

**АКТУЕЛЕН СТАТУС:** Од првичната вест за наводниот случај на картелско здружување нема никакви јавно објавени информации дали овие случаи се разрешени; дали биле изречени било какви казни за компаниите обвинети за прекршување на законот, ниту дали истите поднеле жалби против пресудите (доколку ги имало). Сепак, на барање за коментар од македонската Комисија за заштита на конкуренцијата, раководител на сектор во Комисијата потврди дека Комисијата има поднесено прекршочни пријави против четирите компании за наводно картелско здружување и дека овој процес сè уште трае. Во случајот со даночното затајување не се знае дали компаниите платиле и, доколку не – дали се преземени дополнителни мерки од страна на Царинската управа на Македонија.

Во декември 2011 и јануари 2013 беа распишани јавни тендери за увоз на електрична енергија со цел да се покрие недостатокот предизвикан од зголемената потрошувачка на струја (многу ниски температури во комбинација со висока потрошувачка поради користење на електрична енергија за греење). На крај од јануари 2012 Владата на Република Македонија побара од ЕЛЕМ, државната компанија за производство на енергија, да ја поднесе целокупната тендерска документација на ревизија кај Комисијата за заштита на конкуренцијата.

На 27ми март 2012 Комисијата за заштита на конкуренцијата поднесе прекршочни пријави против четири компании под сомневање дека го прекршиле законот со тоа што меѓусебно ги договориле своите понуди на тендерот за набавка на електрична енергија, распишан од ЕЛЕМ во јануари 2012та.

Според Комисијата постоела цврста основа за сомневање дека четирите компании: ГЕН – I, Руднап Групација, ЕСПАДА и ЕФТ – формирале картелско здружување за да можат да ја диктираат цената на увезената енергија и постигнат предност во однос на останатите компании кои тендерирале на истиот повик.

Обвинетите компании ги отфрлија сите наводни обвиненија, тврдејќи дека на пазарот на електрична енергија има здрава конкуренција.

Она што е интересно е дека Чедомир Краљевски беше сменет од позицијата Претседател на Комисијата во април 2012, само еден месец одкако случаите беа изнесени на виделина, иако остана член на Комисијата. Нема никакви информации за причината за замена на Претседателот, во тоа време Владата направи повеќе замени и рокади во голем број на државни позиции, како дел од таканаречениот Нов Бран, кој беше спроведен во 22 институции и агенции, но не вклучи замена на ниту еден министер.

Обвиненијата за картелско здружување не изгледа дека нанесоа било каква штета на позицијата на оние кои беа посочени како вмешани од страна на медиумите: напротив, Кочо Анѓушев, основач на една од компаниите – ЕФТ, ја напушти

компанијата во февруари 2013, една година по поднесувањето на пријавите, и истиот месец беше избран за Претседател на Македонската Енергетска Асоцијација (МЕА) при Стопанската комора на Македонија.

Неколку месеци откако медиумите ги објавија случаите за наводно картелско здружување, во ноември 2012, Царинската управа на Република Македонија објави дека за време на рутинска инспекција, споредувајќи ги количините на електрична енергија кои ја поминале царинската проверка со податоците за увоз, извоз и електрична енергија која поминала низ системот за пренос на енергија во периодот 2010–2012 открила големи нерегуларности кај три компании кои тргувале со струја во тој период. По ова беше донесена одлука за наплата на дополнителни царински давачки во висина од околу 113 милиони денари (или 1,8 милиони евра).

Во првиот случај компанија од Скопје затаила царински давачки од околу 79.4 милиони денари (1,3 милиони евра). Во текот на 2011 и 2012 дотичната компанијата испорачала вкупно 154,790 MWh електрична енергија, но дел од увезената енергија бил скриен од царинската контрола, со што избегнала царински давачки од 71.6 милиони денари (1,16 милиони евра). Исто така, Царинската управа откри дека постои Анекс кон Договорот за продажба на електрична енергија во кој цената по која е набавена единица мерка струја – еден MWh, е значително повисока од цената по која е пријавен увозот, со што компанијата избегнала плаќање на дополнителни 7,8 милиони денари (0,12 милиони евра).

Во вториот случај компанија од Скопје затаила царински давачки од околу 30 милиони денари (0,5 милиони евра) и Царинската управа усвои две одлуки за дополнителна наплата на царински долг.

Во третиот случај Управата побара наплата на дополнителни 3,5 милиони денари (0,06 милиони евра) за електрична енергија која била наменета за една компанија, но всушност препродадена, без при тоа да се платат соодветните давачки.

Официјалната изјава на царинската управа не ги идентификува компаниите кои затаиле данок. Сепак, неделното списание Фактор објави дека „од неофицијални владини извори“ вмешаните компании се Руднап и ГЕН – I. Нема јавно достапна информација дали компаниите го платиле долгот или биле поднесени обвинувања против нив.

**Извори**


*http://www.karanovic-nikolic.com/wp-content/uploads/2012/11/karanovic-nikolic-focus_on_ competition_2012-book-WEB.pdf*

*http://www.mkd.mk/22152/crna-hronika/uvozni-struja-sud-karteli;*

*http://bukvar.mk/news/utvrden-monopol-pri-uvoz-na-struja?newsid=Ovlm;*

*http://www.kumanovonews.com/vesti/kraljevski-smenet-od-antimonopolska-uprava*

*http://www.dnevnik.mk/?ItemID=2D3DDB3AA2D27D4190E621C798F627F7*

*http://faktor.mk/archives/8399*

*http://grid.mk/read/news/102081911/1110346/krivichni-prijavi-za-nelegalen-uvoz-na-struja http://grid.mk/read/news/102081911/1107851/uvezuvale-struja-ne-plakjale-carina http://www.utrinski.mk/?ItemID=475EF7362BBFF64FB8CD75FDD7D5A08C http://www.kapital.mk/mk/makedonija/92941/kocho_angjushev_nov_pretsedatel_na_makedonskata_energetska_zaednica.aspx*

*http://customs.gov.mk/ShowNews.aspx?ItemID=2544&mid=1099&tabId=1&tabindex=0*

Јуни 2014

**Главен автор**

Марко Прелец, Balkans Policy Research Group

**Уредник на студиите на случај**

Пипа Галоп, CEE Bankwatch Network

**Уредник за SEE Change Net**

Герет Танкосиќ-Кели, SEE Change Net

Би сакале да се заблагодариме на организациите партнери во рамки на SEE SEP (Одржлива енергетска политика за југоисточна Европа – South East Europe Sustainable Energy Policy) партнерството за нивната поддршка во подготовката на овој извештај, како и на новинарите, адвокатите, обвинителите и сите други кои придонесоа во неговата изработка.

**Дизајн на корица**

Ana Lukenda

**Подготовка за печатење**

Ivan Hrašovec

Оваа публикација е издадена со поддршка од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е одговорност исклучиво на SEE Change Net во името на партнерите кои го спроведуваат проектот SEE SEP и во ниеден случај не може да се смета дека ги отсликува ставовите на Европската Унија.

* Според ОН, Косово е „под администрација на Времената мисија на Обединетите Нации на Косово (УНМИК) воспоставена во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност. Во оваа студија се употребува само називот „Косово“.

Supported by: The Balkan Trust for Democracy — A project of the German Marshall Fund